NSW GOVERNMENT Education Public Schools

Drive and park safely near schools

ИНФОРМАЦИИ ЗА БЕЗБЕДНОСТ НА ПАТИШТАТА

ВИЕ СТЕ ОДГОВОРНИ ЗА БЕЗБЕДНОСТА НА ВАШИТЕ ДЕЦА КОГА ТИЕ ПАТУВААТ КОН И ОД УЧИЛИШТЕ.

Возете и паркирајте безбедно во близина на училишта

На почетокот и на крајот на школскиот ден, и пешаците и возачите пред училиштата се многу зафатени.

Можете да им помогнете на децата да бидат безбедни ако ги запамтите следните работи:

- оставајте и земајте ги децата на страната на улицата на која се наоѓа училиштето
- никогаш не ги повикувајте децата од спротивната страна на улицата – тоа е многу опасно
- секогаш бидете исклучително внимателни кога управувате со возило во школските зони каде брзината на возење е ограничена на 40 км
- придржувајте се на сите знаци за паркирање – тие помагаат децата да бидат колку што е можно побезбедни
- бидете одговорни при паркирање на возилото дури и ако тоа значи дека ќе треба да пешачите подолго до влезот на училиштето
- никогаш не паркирајте паралелно до возило што веќе е паркирано – тоа е противзаконски и ги изложува децата на опасност
- никогаш не свртувајте во спротивната насока или за 180 степени во три потези пред училиштето бидејќи со тоа ги изложувате децата на опасност да бидат повредени
- давајте им личен пример на децата за безбедно и внимателно однесување како пешак или возач.

За понатамошна поддршка

Посетете ја Образовна програма за безбедност на патиштата на одделот на https://education.nsw.gov.au/road-safety-education или посетете

https://education.nsw.gov.au и побарајте под образование за безбедност на патиштата.

Кога патувате во возило, осигурајте вашите деца:

- да користат детско перниче за поткренување ако тие се на возраст меѓу 4 и 7 години – тоа е задолжително според законот
- да бидат правилно врзани со сигурносен појас
- секогаш да влегуваат и излегуваат од возилото од 'безбедната врата' – задната врата на возилото на страната на тротоарот
- никогаш да не бидат оставени сами во возилото.

До 6-месечна возраст
Одобрено детско седиште за возила, свртено кон назад

На возраст од 6 месеци до 4 години
Одобрено детско седиште за возила, свртено кон назад или кон напред

Над 4-годишна возраст
Одобрено детско седиште или перниче за поткренување за возила свртено кон напред

Детето е високо 145 см или повеќе
Ова е предложената минимална висина на детето за да може да користи сигурносен појас за возрасни